Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 256, 15 јуни 2020 година

јуни 2020 година
Штип

## СОДРЖИНА


РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА” ОД ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 3

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - ПРАКТИКУМ” ОД ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 6

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПАРОДОНТОЛОГИЈА 2 - КЛИНИЧКА“ ОД ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 8

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 13



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА” ОД ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/64 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип, одржана на 2.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Снежана Иљовска,** редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” -Скопје, специјалист по детска и превентивна стоматологија;
- **проф. д-р Цена Димова, редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, специјалист по орална хирургија**

за изготвување на извештај, рецензија за скрипта на приложениот ракопис „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - СКРИПТА” од доц. д-р Сања Нашкова, наменет за студентите на интегрирани студии од прв и втор циклус студии на студиската програма Дентална медицина, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Превентивна стоматологија - скрипта” е предвиден како наставно помагало по предметот Превентивна стоматологија, задолжителен предмет на студиската програма Дентална медицина, со 2+1+1 неделен фонд на часови, 3 кредити и се слуша во петти семестар, односно трета година. Предложениот ракопис целосно содејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини кои се акредитирани за предметот Превентивна стоматологија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Предлог ракописот „Превентивна стоматологија - скрипта” е на 108 страници, категоризиран во дванаесет поглавја, со 36 нумерирани фотографии за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис, во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебно помагало – скрипта е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал, конкретно за студентите на студиската програма Дентална медицина. Паралелно со неа беше оформен и практикум, кој студентите ќе може да го користат за добивање на први и базични искуства од оваа област.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во дванаесет поглавја.

Во првото поглавје, Превентивна стоматологија - вовед, авторката дава краток осврт на историскиот развој на стоматологијата и превентивната стоматологија, како и значењето на превентивните мерки во спречување на оралните заболувања.

Второто поглавје се однесува на Социјално значење на оралните заболувања и во него авторката се задржува на социјално-медицинското значење на кариесот, како и на социјално-медицинското значење на механичките повреди во устата и забите, ортодонтските неправилности, развојните неправилности на забите и нивното здравствено, социјално и економско значење.

Следното трето поглавје Современи сфаќања за етиопатогенезата на забниот кариес ги елаборира локалните предиспонирачки фактори за настанок на кариес и заболувања на пародонциумот, со осврт на влијанието на плунката и нејзините компоненти во појавата на денталниот кариес.

Во поглавјето Дентален плак. Механичка и хемиска контрола на денталниот плак авторката се задржува на денталниот плак, механизмот на негово создавање, микробиолошкиот состав, метаболитичките процеси во денталниот плак, како и значењето на механичката и хемиска контрола на денталниот плак.

Понатаму во ракописот се надоврзува Флуорна профилакса на кариесот, при што е опишан историјатот на примена на флуоридите, нивните хемиски и биолошки својства, распространетост и биокинетика, нивната токсичност. но и значењето на флуоридите како едни од најмоќните средства во превенција на денталниот кариес, со посебен осврт кон методите на примена на флуоридите.

Следното поглавје со наслов Залевање на фисури и јамички. Кариес активност ја опфаќа една од најчестите и најефикасните современи профилактички мерки, насочена кон заштита на јамичките и фисурите на оклузалните површини на забите од влијанието на кариогените фактори. Авторката дава и краток осврт на дијагностиката на ризик за појава на кариес со дефинирање на следните параметри (тестови) за дијагностика на ризикот за појава на кариес.

Во поглавјата кои понатаму следуваат: Индекси на орална хигиена, Кариоген потенцијал на храната и Превенција за настанок на пародонтопатија авторката ги опишува индексите за регистрација на денталниот кариес и промените на меките делови во усната празнина, исхраната и нејзиното влијание врз забите во развиток и забите во функција, како и улогата на општи и локални фактори на ризик за појава на пародонталната болест, како и дијагностичките тестови како највообичаени клинички мерења на активноста на пародонталните заболувања.

Следните две поглавја: Интерцептивна стоматологија-превенција за настанок на забновилични аномалии и Програмска превентивна стоматолошка заштита. Училишна забна нега се запознавање со ортодонтските неправилности, како едни од најраспространетите орални заболувања кај човекот, како и важноста на примена на превентивни и интерцептивни мерки за нивна корекција. Програмска превентивна стоматолошка заштита. Училишна забна нега ги опфаќаат различните програми, од мали, локални програми во решавањето на еден специфичен проблем, до национални или интернационални програми за обезбедување на оралното здравје, како и училишната забна нега како систематска, планска здравствена работа која има за цел да ги спречи и навремено да ги лечи сите заболувања на устата и забите кај училишните деца.

Во дванаесеттото поглавје авторката обработува Промоција на оралното здравје и се опишуваат основните детерминанти на здравјето, како и значењето на здравствената едукација во промоција на оралното здравје, со опфаќање на здравствената едукација кај трудници, мали и предучилишни деца, возрасни и здравствена едукација во училиштата.

Присуството на голем број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, на авторката, овозможуваат на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат базичните теоретски елементи по предметот Превентивна стоматологија.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за скрипта „Превентивна стоматологија - скрипта” на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни единици кои на студентите на Дентална медицина ќе им овозможат лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските содржини по предметот Превентивна стоматологија. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат студентите на Дентална медицина да се здобијат со базични елементарни познавања за превентивната стоматологија, која е и основа на нивните студии.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Превентивна стоматологија - скрипта” од доцент д-р Сања Нашкова, како учебно помагало – скрипта.**

**Рецензенти**
**Проф. д-р Снежана Иљовска, с.р.**
**Проф. д-р Цена Димов, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - ПРАКТИКУМ”**
**ОД ДОЦЕНТ Д-Р САЊА НАШКОВА,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/18 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип одржана на 2.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Снежана Иљовска,** редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, специјалист по детска и превентивна стоматологија;
- **проф. д-р Цена Димова,** редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, специјалист по орална хирургија

за изготвување на извештај, рецензија за практикум на приложениот ракопис „ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА - ПРАКТИКУМ” од доц. д-р Сања Нашкова, наменет за студентите од на интегрирани студии од прв и втор циклус студии на студиската програма Дентална медицина, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Превентивна стоматологија - практикум” е предвиден како наставно помагало по предметот Превентивна стоматологија, задолжителен предмет на студиската програма Дентална медицина, со 2+1+1 неделен фонд на часови, 3 кредити и се слуша во петти семестар, односно трета година. Предложениот ракопис целосно содејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметот Превентивна стоматологија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Предлог ракописот „Превентивна стоматологија - практикум” е на 70 страници, категоризиран во дванаесет поглавја, со 22 нумерирани фотографии, за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Досега на овие простори не постои практикум со содржина која ги обработува овие тематски содржини, наменет за студентите на студиската програма Дентална медицина. Паралелно со него беше оформена и скрипта, која студентите ќе може да ја користат за добивање на први и базични искуства од оваа област. Поради оскудноста во однос на практикуми од оваа област, како и можноста за совладување на основните практични познавања, овој практикум е вистинска потреба за студентите. Авторката на едноставен начин со јасен стил, концизност и чиста мисла ја приложува обработената материја.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во тринаесет поглавја.

Во првото поглавје авторката дава краток осврт на историскиот развој на превентивната стоматологија, ја дефинира и ги опишува нејзините цели, како и воведно запознавање со нејзината поделба и начините на примена на тераписки мерки.

Во второто поглавје се задржува на социјалното и психолошко значење на заболувањата на устата и забите, посебно задржувајќи се на економското влијание на овие заболувања.

Следното трето поглавје ги елаборира современите сфаќања за етиопатогенезата на забниот кариес, како можните примарни и секундарни фактори кои доведуваат до појава на кариес.

Во четвртото поглавје авторката се задржува на денталниот плак, неговата механичка и хемиска контрола, како главен етиолошки фактор за појава на дентален кариес и пародонтални заболувања, заедно со објаснување на техниките на четкање на забите.

Понатаму во ракописот се надоврзува петтото поглавје, каде што е опишана флуорната профилакса на кариесот, заедно со методите на примена на флуоридите во превенција на денталниот кариес.

Шестото поглавје го опфаќа залевањето на фисури и јамички како специфична превентивна клиничка метода, заедно со техниката на нивна алликација.

Во поглавјата кои понатаму следуваат, седмото, осмото и деветтото поглавје, авторката ги опишува индексите на орална хигиена како нумерички израз на состојби за проценка на присуство или отсуство на болест, влијанието на исхраната во етиопатогенезата на денталниот кариес, начините на нејзино влијание, како и факторите на ризик за појава на пародонтопатија, заедно со индексите и показателите за ова заболување.

Следните две поглавја, десеттото и единаесеттото поглавје, се запознавање со интерцептивната стоматологија, каде што авторката ги опишува ортодонтските неправилности, како и примената на интерцептивни и превентивни мерки во нивното санирање, програмите во склоп на програмската превентивна стоматолошка заштита заедно со училишна забна нега, како наповолен начин за опфаќање на училишните деца со систематска, превентивна и тераписка стоматолошка работа.

Во дванаесеттото поглавје авторката ги опишува детерминантите на здравјето заедно со значењето на здравствената едукација во промоција на оралното здравје, заедно со опфаќање на принципите на стоматолошка едукација.

Присуството на голем број слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат базичните теоретски елементи по предметот Превентивна стоматологија.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за практикум „Превентивна стоматологија - практикум” е целосно направен според наставната материја предвидена во програмата за предметот Превентивна стоматологија за студентите на Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Концизно, со едноставен јазик и лесен стил, авторката се потрудила да им ја презентира материјата на студентите за што полесно совладување на методските единици. На тој начин студентите постепено ќе навлезат во превентивната стоматологија, со цел што потемелно да ги изучат поставените задачи. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствени основи за остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Превентивна стоматологија - практикум” од доц. д-р Сања Нашкова, како учебно помагало – практикум.**

**Рецензенти**
**Проф. д-р Снежана Иљовска, с.р.**
**Проф. д-р Цена Димов, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПАРОДОНТОЛОГИЈА 2 - КЛИНИЧКА“ ОД ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлука бр. 2002-44/24 од 237. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 6.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Мирјана Поповска,** редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот на Стоматолошки факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, специјалист по болести на устата и пародонтот;
- **проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска,** редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот на Стоматолошки факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, специјалист по болести на устата и пародонтот

за рецензија на приложениот ракопис „Пародонтологија 2 - клиничка” од проф. д-р Ана Миновска, учебник наменет за студентите на прв циклус додипломска настава на студиската програма Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Пародонтологија 2 - клиничка” од проф. д-р Ана Миновска е наменет за студентите на прв циклус студии - додипломска настава на студиската програма Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Предметот се изучува во IX семестар, со фонд на часови 1+2+1. Во оваа студиска програма е вреднуван со 4 кредити. Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

Ракописот е осмислен, организиран и приложен со логичен редослед на наставните единици, а наставните единици се распределени според прифатената програма. Преку овој учебник студентите ќе имаат можност да ја изучуваат и совладаат предметната материја. Лесниот и едноставен стил на изразување, последователно претставени методски единици ќе бидат сериозна помош на студентите за брз и едноставен начин на совладување на материјата од клиничкиот дел.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината во ракописот сочинува текст од вкупно 199 страници во кој се приложени 114 слики, 21 табела и 2 шеми. Ракописот е оформен во А4 формат, со нормален проред, а употребен е фонд Calibri (Body) и големина на букви 11. Ракописот е подготвен според стандардна процедура, а обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов:** Во 2014 година од проф. д-р Ана Миновска беше отпечатен учебникот „Предклиничка пародонтологија“, наменет за совладување на предклиничкиот сегмент во пародонтологијата. Паралелно со него беше оформен и отпечатен практикум кој студентите веќе го користат за добивање први, но базични искуства, од оваа област.

Во 2016 година авторката клиничката пародонтологија ја сублимира во учебник исто така наменет за студентите на прв циклус, именуван како „Пародонтологија 1 – клиничка“. Следствено продолжение на целокупно обработената материја од областа на пародонтологијата е сегашниот ракопис „Пародонтологија 2 - клиничка“.

Сметаме дека ова оригинално дело кое треба да биде објавено во голема мера ќе ја доближи материјата до студентите за што полесно усвојување и примена. Јазикот на кој е напишан овој учебник е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се прецизни лесно совладливи.

Анализирајќи и рецензирајќи го приложениот ракопис констатираме дека тој е плод на долгогодишното клиничко искуство на авторката, консултација на обемна стручна и научна литература и солидно познавање на материјата.

Авторката проф. д-р Ана Миновска на едноставен начин, со јасен стил и чиста мисла ја приложува обработената материја. Во суштина ова е трилогија на учебници во областа на пародонтологијата. Со „Пародонтологија 2 - клиничка” се оформува целина на материјата од пародонтолошки аспект, па затоа во иднина овој учебник би бил корисно помагало за сите идни стоматолози, но ќе биде солидна литература за веќе дипломираните доктори по дентална медицина.

**Краток опис на содржината:** Целокупната материја која е дел од содржината е распределена во пет поглавја. Првото поглавје се однесува на дијагноза, прогноза и план на терапија, потоа следи терапија на ургентни состојби. Следи третото поглавје кое ја обработува нехируршката терапија, во која е посочена етиотропната фаза организирана и објаснета во две фази. Во ова поглавје се толкувани механизмите, последиците и терапијата на трауматската оклузија. По ова поглавје редоследно е разјаснета хируршката терапија на пародонтопатијата, обработена и приложена во четвртото поглавје. Ракописот завршува со петтото поглвје наречено одржување на постигнатите резултати. Заедничко за сите поглавја е фактот дека содржината е реорганизирана и расчленета во последователни помали целини. На крајот од секое поглавје е приложена користената литература.

Првото поглавје кое детално е обработено и презентирано на 61 страница ја опфаќа медицинската анамнеза и стоматолошката историја на болниот. Во ова поглавје авторката ја потенцира важноста на овие податоци во комплетната обработка на секој случај посебно. Понатаму продолжува со општ и пародонтолошки клинички преглед. Во ова поглавје сериозно ја разработува и прецизно ја објаснува рендген анализата, посочувајќи ја нејзината важност во дијагноза, прогноза и план на терапија на болниот. На крајот од ова поглавје многу вешто прави осврт кон ренгенолошкиот изглед на зафатеноста на фуркациите, влијание на системските болести врз пародонтот кои може рендгенолошки да се детектираат на вилиците. Материјата која се однесува на рендгенолошката манифестација на пародонталниот апсцес, авторката успешно ја образложува во посебна методска единица, потенцирајќи го нејзиното значење. Поглавјето го продолжува со разјаснување на забните наслаги и примена на дијагностичките испитувања и тестови. Посебен осврт дава кон микробиолошкото дијагностицирање, имунолошките испитувања и биохемиските истражувања. Авторката ја согледува потребата од опис на пародонталната ризик-процена - индивидуален ризик профил кој го објаснува во детали.

На крај од ова поглавје авторката ја објаснува прогнозата на болеста, план на терапија и темелно прикажување на процесите на заздравување. Во поглавјето се приложени 5 слики, 2 табеларни прикази и 2 шеми. Сите овие помошни и дополнителни прикази на свој начин ја дообјаснуваат материјата, а што е најважно сликовитата приложеност ќе им помогне на студентите да ги меморираат најесенцијалните податоци, битни за понатамошното знаење.

Второто поглавје именувано како терапија на ургентни состојби е претставено на 11 пишувани страници. Кусо, но јасно и прецизно, е објаснета терапијата на пародонталниот апсцес и улцеронекрозниот гингивитис. Во терапијата на пародонталниот апсцес е приложена ургентната терапија, затворениот приод, флап-отворениот тераписки приод и можните компликации. Авторката во ова поглавје посебно ги потенцира животно загрозувачките инфекции за кои вели дека е потребна хоспитализација и антимикробна терапија. Во зависност од сериозноста на инфекцијата и локалните знаци и симптоми, клиничките испитувања и иницијалната терапија може да бидат одложени. Кај состојби кои не се животно загрозувачки, системски мерки како антимикробна терапија и аналгетици ќе бидат сосема доволни за да се елиминираат системските симптоми, дифузното ширење на инфекцијата и тризмусот доколку е присутен. Давајќи сериозни инструкции во ова поглавје ги охрабрува идните доктори и ги олеснува нивните одлуки, поткрепувајќи ги со солидни знаења како главна алатка.

Во третото поглавје авторката многу вешто и професионално прави осврт кон она што е најчесто во клиничката пракса, нехируршката терапија. Целокупната тематика е претставена на 44 страници. Авторката поглавјето го започнува со етиотропната фаза, која е објаснета и распределена во две фази. Првата, која ја опфаќа контролата на плакот, професионалното отстранување на супрагингивалниот дентален плак и забен камен, елиминација на јатрогените фактори, санација на кариозните лезии и сеопфатни инструкции за контрола на плакот. Втората фаза го потенцира отстранување на субгингивалната содржина. Авторката во овој дел теоретски ја објаснува постапката на елиминација на конкрементите, некротичниот цемент и обработка на мекиот ѕид. Теоретската слика ја поткрепува со повеќе практични совети за идните доктори по дентална медицина, но и докторите клиничари. Оваа целина ја завршува со реевалуација на ткивото.

Исто така, во ова поглавје се фокусира на примената на антимикробната терапија (локална или системска). Со многу познавања и богато искуство ги објаснува хемиотерапевтиците, системската администрација на антибиотиците, како и сериската и комбинираната антибиотска терапија. Посебно место посветува на модулација на домаќинот, во кој опфаќа: регулација на механизмите на домаќинот заедно со бактериската контрола, регулација на експресијата на директните ефекторни системи, регулација на експресијата врз директните ефекторни системи кои се вклучени во коскеното ремоделирање и сврзноткивна деструкција. Многу суптилно се опфатени и објаснети: компликациите од биофосфонатите и третманот по нивната примена, користење на доксицилин хиклат како медикамент (системски или локално) и примената на нестероидни антиинфламаторни лекови. Содржината на ова поглавје е збогатена со 24 слики и 10 табели. Поглавјето завршува со трауматска оклузија. Авторката на суптилен начин ја објаснува трауматската оклузија, истовремено задржувајќи се на оклузалната евалуација и терапија, принципите на оклузалното и превентивното урамнотежување. Посветува доволно простор за приспособување на оклузијата по пародонталното лекување и оклузијата во корелација со планот на терапија. За консументите на оваа литература ги акцентира техниките на оклузалното урамнотежување и темелно го разработува изборот на техниките за оваа постапка. Оваа тема е богато илустрирана со 28 слики и 10 табели, која го прави материјалот лесно совладлив за студентите и лекарите по дентална медицина.

Тематиката во четвртото поглавје е посветена на хируршката терапија на пародонтопатијата. Авторката на почеток ги посочува целите на хируршката терапија. Прецизно и концизно ги акцентира индикациите за пародонтална хирургија и видовите на хируршки методи кои се најчесто применливи. Со голема вештина и успех и многу стручно ги претставува гингивалните хируршки техники, ЕНАП и МЕНАП процедури, ексцизионата процедура за формирање нов атачмент и (ЕНАП) / ЕНАП гингивална киретажа со скалпел. Преку солидно теоретски обработените наставни единици кои

се однесуваат на модифицираната  ексцизиона процедура за формирање нов атачмент (МЕНАП), техниката на гингивектомија и гингивопластика, флап процедури/ пародонтална резанка, како и класификација на резанките, изглед на резанката, инцизии елевација на резанката практично го насочува студентот кон успешно совладување на техниките и оспособување на кандидатите за спроведување на интервенцијата.

Поглавјето ги содржи принципите на заздравување по флап процедура, хируршката терапија на пародонталниот џеп, техники кои се користат во хируршката терапија на пародонтален џеб, критериуми за избор на хируршка техника, флап техинка (пародонтална резанка) во терапија на пародонтален џеб, како и примената и техниката на модифицирана Видманова флап техника.

Потенцирани се техниките на: непоместена резанка, апикално поместена резанка, палатинален флап или резанка, исход од терапијата, елиминација наспроти одржување на пародонталните џебови, терапија на слабо изразена пародонтопатија. Разработени се тераписките постапки на умерена до изразена пародонтопатија во фронталната и постериорната регија, како и терапија на агресивна пародонтопатија. Многу стручно и високо професионално, а воедно и едноставно се опфатени процедурите во терапија на коскените дефекти. Многу лесно и разбирливо се објаснети регенеративните методи на пародонтална регенерација со користење на насочена ткивна регенерација (НТР) примена на биоресорпциски мембрани, биомодификација на површината на коренот, графт материјали и процедури, со посебен аспект кон автогени коскени графтови, алографтови, ксенографтови и некоскени графт материјали. Авторката направила сериозен приод кон комбинираните техники, фактори кои влијаат на успешноста на исходот. Со неспоредливо едноставен стил е објаснета ресективната коскена хирургија, како да се избере соодветната тераписка метода и факторите кои влијаат во изборот на ресективна коскена   хирургија.

Посебен сегмент во ова поглавје е посветен на мукогингивалната хирургија - цели, критериуми за избор на техники, френулектомија и френотомија, техники за зголемување на вертикалната димензија на прикрепената гингива, слободниот гингивален автотрансплантат  и неговото заздравување.

Сосема на крај, се осврнува кон фуркационата зафатеност – проблем и справување со него. Поглавјето е приложено на 65 страници, во кое постојат 3 табеларни прикази и 57 слики. Благодарение на овие сликовити и табеларни прикази, авторката темелно и успешно ја приближила оваа специфична материја до оние за кои е наменета.

Во последното петто поглавје авторката ги претставува основните постулати за одржување на постигнатите резултати. Таа успешно ги акцентира принципите на одржување на постигнатите резултати и програмата за одржување. Се осврнува кон најважните принципи преглед и евалуација на постигнатите резултати, со посебен аспект кон проверка на контролата на плакот. Кон крајот на овој исклучително важен сегмент авторката ги разјаснува факторите за повторна појава на пародонталната болест, како и класификација на постераписките пациенти. Сосема на крајот прави темелен, но прецизен план за испраќање на пациентите до специјалист- пародонтолог. Материјата обработена во ова поглавје е приложена на 6 страници, во кои најважните клучни елементи се содржани во 3 табеларни прикази.

Осврнувајќи се кон сите сегменти на овој ракопис, впечатокот е дека тој ја постигнал својата главна цел - студентите едноставно, лесно и темелно да ги совладаат  клиничките принципи во пародонтологијата. Успешно и брзо да ја оформат дијагнозата, правилно да го спроведат планот на терапија и дефинитивно да бидат што поуспешни во терапијата.

Овој учебник е наменет за студентите по дентална медицина, но и за  дипломираните доктори по дентална медицина – практичари. Тие може да го користат учебникот со секојдневната клиничка пракса како вредно помагало со кое постојано ќе ги освежуваат своите знаења и ќе ги надградуваат постоечките клинички искуства.

Ракописот на авторката проф. д-р Ана Миновска претставува рационално структуриран сублимиран материјал на една прилично актуелна тема, која на студентите на многу едноставен начин им претставува како да ги разрешат клиничките дилеми, кои терапевтски постапки да ги одберат, солидно да го спроведат планот на терапија и секако да бидат попрецизни во прогнозата.

Всушност, совладувањето на оваа материја е од исклучително значење бидејќи пародонталната болест е едно од најчестите заболувања во усната празнина, со кое идните доктори по дентална медицина ќе се сретнуваат многу често во своите ординации.

Во секое поглавје е цитирана литература од понов датум од европско и од светско поднебје.

Овој учебник е наменет за студентите по дентална медицина и има висок квалитет, напишан е јасно и прецизно. Неговата систематизација е современа, знаењата кои може да се исцрпат од него не се само базични, туку и напредни, а фактите се проверени и сигурни.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот за учебникот „Пародонтологија 2 - клиничка" од проф. д-р Ана Миновска е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во програмата за предметот Пародонтологија 2 - клиничка за студентите на прв циклус студии по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Многу вешто, суптилно, концизно со едноставен јазик и лесен стил авторката се потрудила и успеала да им ја презентира материјата на студентите за што поедноставно совладување на методските единици. На тој начин студентите успешно ќе ги совладаат клиничките предизвици од областа на пародонтологијата.

Во врска со учебникот „Пародонтологија 2 - клиничка" потенцираме дека тој од педагошки и стручно-научен аспект го поседува потребното ниво на информации и знаења кои се неопходни за студентите на прв циклус студии. Ваков учебник на Факултетот за медицински науки во Штип, како и на другите стоматолошки факултети во земјава сè уште не е објавен.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Пародонтологија 2 - клиничка" од проф. д-р Ана Миновска да биде издаден како учебник за студентите по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Мирјана Поповска,**
**професор на Стоматолошки факултет во Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**

**Проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска,**
**професор на Стоматолошки факултет во Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

**Билтен 15.6.2020 година**

| | | |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | |
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Изложеност на вработените на ризик од механички вибрации |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-211/20 од 11.12.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Марија Хаџи-Николова |
| | ***Кандидат*** | Тоди Гочевски |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | | |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на патронажната сестра при ран скрининг, нега и третман на пациенти со diabetes melitus |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-90/57 од 2.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Иван Никовски |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на патронажната сестра при едукација, нега и третман кај жени после породување |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-90/58 од 2.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Лидија Стојковска |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на патронажната сестра при спроведување и едукација за нега на старите лица |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-90/59 од 2.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Христина Трајковска |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | ***Наслов на тема*** | Третман на пателарна тендинопатија |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-90/60 од 2.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Божидар Симиќ |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **6.** | ***Наслов на тема*** | Влијание на сортата и времето за мацерација врз фенолниот состав и антиоксидативната активност на македонските вина |
| | ***Одлука бр.*** | 1302-137/6 од 27.5.2015 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос |
| | ***Кандидат*** | Сања Дуракова |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **7.** | ***Наслов на тема*** | Модалните глаголи во меѓујазикот на македонските изучувачи на англискиот јазик |
| | ***Одлука бр.*** | 1902-73/8 од 3.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Марија Кусевска |
| | ***Кандидат*** | Матеја Пипиџаноска |